Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 27 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), на седницата одржана на ден 28 декември 2017 година, донесе

**ПРАВИЛА**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**

**ПРАВИЛАТА ЗА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**Член 1**

(1) Во Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16, 80/17 и 172/17), членот 135, се менува и гласи:

“**Член 135**

(1) Прилог 3, Методологија за пресметка на активирана балансна енергија и Прилог 4, Методологија за пресметка на порамнување на отстапувања на балансно одговорните страни, ќе се применуваат од 1 јули 2018 година.

(2) Во периодот, од влегувањето во сила на овие Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија до 30 јуни 2018 година, ОПЕЕ е должен, по претходно добивање на податоци од ОЕПС и ОДС, да врши пресметка на надоместокот за отстапувањата и истите да ги доставува до балансно одговорните страни.

(3) Од 1 јули 2018 година нема да се применува Прилог 1, Методологија за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување.“

**Член 2**

(1) Овие Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија влегуваат во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Бр. 01-2212/1**
**28.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**

Изработил и одобрил: Марко Бислимоски